# ЗАКОН ЗА ЗАДРУГИТЕ

**“Сл. весник на Р Македонија” бр. 54/02 од 4.07.2002 год.**

## Дел први

## Основни одредби

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за основање регистрација, работење, надзорот над работењето и престанокот на задругите.

## Дефиниција на задруга

### Член2

Задругата е здружување на физички или правни лица заради унапредување или заштита на определен број точно дефинирани економски интереси, во сите дејности освен за дејностите во банкарството и осигурувањето и дејностите за кои со закон е забрането основање на задруга.

## Минимален број на членови

### Член 3

Задруга можат да основаат најмалку три физички или правни лица.

## Видови на задруги

### Член 4

Задругата може да се основа како задруга со неограничена одговорност на членовите или како задруга со ограничена одговорност на членовите:

- во задругите со неограничена одговорност, задругата одговара за своите обврски со целиот свој имот, а во случај на ликвидација или стечај на задругата. нејзините членови супсидијарно одговараат за обврските на задругата, при што нивната одговорност е неограничена и солидарна и
- во задругите со ограничена одговорност, задругата одговара за своите обврски со целиот свој имот. Со статутот на задругата со ограничена одговорност може да се пропише дека во случај на ликвидација или стечај на задругата, членовите ќе бидат супсидијарно и солидарно одговорни да уплатат некој дополнителен износ, што вообичаено ќе биде изразен како повеќекратен износ на вредноста на нивните удели во друштвото.

## Основачко собрание на задругата

### Член 5

(1) Основачите на задругата го свикуваат основачкото собрание и го донесуваат статутот во писмена форма.
(2) Основачкото собрание ги одобрува сите писмени извештаи изготвени и доставени од страна на основачите во врска со влоговите изразени во предмети или права, како и во врска со почетниот имот на задругата.
(3) Основачкото собрание ги назначува органите на задругата.
(4) До запишувањето на задругата во судскиот регистар, членството се стекнува само преку потпишување на статутот на задругата.

## Задолжителна содржина на статутот

### Член 6

1. Статутот на задругата мора особено да содржи одредби за следниве прашања:
1) фирма и седиште на задругата:
2) цели на задругата:
3) создавањето на главнината на задругата;
4) запишување удели во задругата што не се плаќаат во пари, туку во предмети или права, опишување на предметите и правата, начин на нивното вреднување н изразување во парична противвредност и податоци за членот што ги запишал ваквите удели;
5)имотот при основањето на задругата, начинот на вложувањето, правниот режим на стекнатите недвижности или подвижни предмети и податоци за лицата кои вложиле предмети или права;
6) органи на управување и начин на застапување;
7) начин на објавување на одлуките на задругата;
8) име и презиме или фирма, адреса или седиште и државјанство на членовите на задругата;
9)приемот во членството на задругата и начинот на престанок на членството;
10) парични и непарични обврски на членовите, видот и висината;
11)личната одговорност на членовите и нивната обврска за некои натамошни или дополнителни уплати;
12) управувањето и застапувањето, начинот на измена на статутот и начинот на донесување на одлуките од страна на собранието;
13) проширување или ограничување на правото на глас и
14)начинот на пресметување и начинот на поделба на добивката и на остатокот од стечајната или ликвидационата маса.

## Упис во судскиот регистар

**"Член7**

(1) Задругата се впишува во судскиот регистар.

(2) Постапката за упис и престанок на задругите се врши според правилата на вонпарничната постапка.

(3) Барањето за впишување во судскиот регистар ги содржи имињата на сите членови на управниот одбор на задругата и имињата на лицата кои ќе ја застапуваат, со назначување на нивното државјанство и адреса (живеалиште).

(4)Барањето за упис во судскиот регистар мора да биде потпишан од сите членови на управниот одбор на задругата и мора да постои нотарска заверка на потписите.

(5) Кон барањето за упис во судскиот регистар се приложува:
примерок од статутот (во оригинал или како нотарски заверена копија), извештај на основачите за влоговите уплатени во предмети или права, извештај за имотот на задругата, листа на членовите на задругата, со наведување дали нивната одговорност е неограничена или ограничена.

(6)Образецот за упис на задругата во судскиот регистар и начинот на водење на регистарот го пропишува министерот за правда.

## Објавување

**Член 8**

(1) Уписот на задругата во судскиот регистар се објавува во "Службен весник на Република Македонија". Во "Службениот весник на Република Македонија" се објавува извадок што ги содржи фирмата и седиштето на задругата, целите на здружувањето, одредби за одговорноста на членовите, начинот на објавување на одлуките и сите регистрирани информации во врска со управувањето и застапувањето на задругата.

(2) Листата на членовите на задругата, без оглед на тоа дали тие одговараат неограничено или ограничено и дали се обврзани на некои натамошни или дополнителни уплати, се доставува до судскиот регистар и таа мора да биде достапна за јавноста, но не се објавува во "Службениот весник на Република Македонија".

## Подружници

**Член 9**

(1) Задругите можат да основаат подружници.

(2)Подружниците на задругата се внесуваат во судскиот регистер со наведување на местото каде што се врши дејноста.

(3)Барањето за упис на подружниците во судскиот регистар го доставуваат лицата овластени за застапување на задругата.

(4)За побарувањата поврзани со подружницата на задругата месно надлежен е судот на чија територија дејствува подружницата, односно судот на чија територија се наоѓа регистрираното седиште на задругата.

### Фирма на задругата

### Член 10

(1)Фирмата на задругата мора да содржи назнака дека се работи за задруга со неограничена или со ограничена одговорност.
(2)На фирмата на задругата соодветно се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва.

### Правен субјективитет

### Член 11

(1) Задругата стекнува својство на правно лице со уписот во судскиот регистар.
(2)Сите лица кои дејствувале од името на задругата пред нејзиниот упис во судскиот регистар, солидарно и неограничено одговараат за преземените обврски.
(3)Ако таквите обврски изречно настанале од името на задругата и ако собранието ги одобрило најдоцна во рок од три месеци од денот на уписот на задругата во судскиот регистар, лицата од ставот (2) на овој член се ослободуваат од одговорноста и за таквите обврски одговара задругата.

## Дел втори

### Членство во задругата

### Начелно

### Член 12

(1) Стекнувањето на членството во задругата е слободно и по впишувањето на задругата во судскиот регистар.
(2)Бројот на членовите во задругата е неограничен, а условите за стекнување на членството во задругата се утврдуваат во статутот на задругата.

### Барање за прием

### Член 13

(1) За прием во членството на задругата се поднесува писмено барање до собранието. По барањето одлучува собранието или друг орган определен со статутот на задругата.
(2)Ако задругата, покрај одговорноста со сопствениот имот, претпоставува и лична одговорност за членовите или ги обврзува на натамошни уплати во случај на стечај или ликвидација, во барањето за прием мора изречно да ја наведе согласноста со ваквите услови за членување во задругата.

## Дел трети

## Престанок на членството во задругата со повлекување од членството

### Член 14

(1)Секој член има право да се повлече од членството во задругата се до моментот на нејзиниот престанок.
(2)Во статутот може да биде утврдена обврска за членот кој се повлекува од членството на задругата, да плати определен износ на обесштетување, ако неговото повлекување може да предизвика значителни штети на задругата или го загрозува нејзиното натамошно работење.

## Ограничување на правото на повлекување

### Член 15

(1)Правото на повлекување може да биде ограничено со статутот на задругата.
(2)По исклучок, правото на повлекување може да се врши во периодот утврден во ставот (1) од овој член, под услов членот кој се повлекува да плати определен износ на обесштетување, ако неговото повлекување може да предизвика значителни штети на задругата или го загрозува нејзиното натамошно работење.

## Отказен рок

### Член 16

(1)Членот може да се повлече од членството во задругата само на крајот на деловната година и само под услов за таквото повлекување да ја известил задругата најдоцна една година пред повлекувањето.
(2)По исклучок, отказниот рок од ставот (1) на овој член може да биде и пократок или да се дозволи повлекување во секое време во текот на деловната година доколку е истото утврдено во статутот.

## Вршење на правото на повлекување во случај на стечај и присилно извршување

### Член 17

Кога со статутот е пропишано дека членот кој се повлекува има право на некој сразмерен дел од имотот на задругата правото на повлекување од членството во задругата може да го врши и неговиот стечаен управник, ако над членот бил отворен стечај, или лицето кое има право на присилно извршување врз имотот на задружниот член- должник.

## Исклучување од членството

### Член 18

(1)Секој член може да биде исклучен од членството во секое време.
(2)Условите за исклучување од членството на задругата, се утврдуваат во статутот на задругата.
(3)Исклучување од членството на задругата го врши собранието.
(4)Исклучениот член може да биде обврзан да плати обесштетување, под услови утврдени во статутот на задругата.

## Смрт на членот

### Член 19

(1)Членството во задругата престанува со смрт на членот.
(2)Со статутот може да се определи дека наследниците на починатиот член по автоматизам стануваат членови на задругата.
(3) Статутот може да утврди задругата, по приемот на писмено барање, да ги признае сите наследници како заедница на умрениот член или само еден од нив.
(4)Наследниците на починатиот член на задругата (како заедница) мораат да назначат свој заеднички застапник кој ќе ги застапува нивните интереси во задругата.

## Престанок на основата за членство

### Член 20

Кога членството во задругата претставува право што е неразделно врзано за некоја функција или работно место или ако членството произлегува од некој договорен однос, ваквото право на членство престанува со престанокот на таа функција, вработување или договор, освен ако со статутот не определено нешто друго.

## Пренос на членството

### Член21

(1)Преносот на уделот во задругата и ако задружното членство се евидентира со документ, преносот на тој документ не претставува, доволна основа за стекнување членство во задругата од страна на лицето на кого му е извршен преносот на уделот или документот. Тоа лице ќе стане член на задругата само ако задругата донесе одлука за прием во задружното членство согласно со овој закон или со статутот на задругата.
(2)До приемот во членство на лицето на кое му бил пренесен уделот, односно документот, лицето кое го извршило преносот ги врши сите права поврзани со членството во задругата.
(3)Кога членството во задругата се стекнува со договор, статутот може да предвиди дека преносот на договорот ќе претставува автоматско членство за лицето на кое тој договор му е пренесен.

## Пренос на недвижност или право на користење

### Член 22

(1)Со статутот на задругата може да се пропише дека членството во задругата ќе зависи од правото на сопственост врз недвижност или од правото на користење на недвижност.
(2)Во случај од ставот (1) на овој член, со статутот може да се предвиди дека преносот на правото на сопственост или правото на користење врз недвижноста ќе претставува членство за лицето на кое тие му се пренесени.
(3)Преносот на членството во задругата по повод преносот на недвижноста не е полноважен во однос на трети лица се додека таквиот пренос не биде регистриран во регистарот во кој се укнижуваат правата врз недвижности.

## Дел четврти

## Права и обврски на членовите на задругата

## Доказ за членството

### Член 23

(1)Доказ за членство во задругата е издадената потврда за удел, односно друга потврда за членство во задругата, утврдена со статутот на задругата.
(2) Доказот за членство гласи на име на членот на задругарот.

## Удели

### Член 24

(1)Кога задругата издава потврда за удел секој нов член мора да стекне барем еден удел.
(2)Со статутот може да се дозволи стекнување на повеќе удели.

## Рамноправност на членовите

### Член 25

Сите членови на задругата имаат еднакви права и обврски, освен ако со закон не е пропишано: нешто друго.

## Право на глас

### Член 26

Членовите на задругата, своите права во врска со управувањето и работењето на задругата, ги остваруваат преку собранието на задругата.

## Право на увид

### Член 27

(1)Годишните сметки и извештаите за работа на задругата, заедно со ревизорскиот извештај мора да бидат достапни на увид на членството.

(2)Со статутот може да се определи дека задругата, на сопствен трошок, на секој член кој тоа го побарал, ќе му обезбеди примерок од годишните сметки.

## Право да се побара појаснување

### Член 28

(1)Секој член може да бара од ревизорите за секоја сомнителна ставка во годишните сметки и извештаите за работа на задругата, неопходни појаснувања во врска со тоа.

(2)Правото на членот за пристапот до другата документација сврзана со работењето на задругата може да се дозволи само со изречно овластување на генералното собрание или со одлука на управниот одбор, под услов да се почитуваат деловните тајни поврзани со работењето на задругата.

(3)Членовите ка задругата имаат право на увид и контрола на работењето на задругата. Увидот во документацијата сврзана со работењето на задругата може да се оствари и со судски налог, под услов да не се загрозуваат интересите на задругата.

(4)Правото на контрола што го поседуваат сите членови на задругата не може да биде забрането или ограничено, ниту со статутот, ниту со одлука на органите на задругата.

## Право на учество во добивката и начинот на пресметување

### Член 29

Добивката на задругата се пресметува врз основа на годишните сметки што мораат да бидат составени согласно со прописите што се применуваат на трговските друштва.

## Правила за распределба

### Член 30

Распределбата на добивката на задругата меѓу членовите на задругата, се врши сразмерно на степенот до кој секој член ги користел погодностите на задругата или зависно од обемот на правните работи што секој од нив ги склучил со задругата, освен ако со статутот поинаку не е утврдено.

## Обврска за создавање резерви

### Член 31

(1)Дел од остварената добивка задругата може да распредели и за некоја друга цел, при што најмалку една дваесеттина од добивката мора да се внесе во резервниот фонд на задругата секоја година. Издвојувањето во задружниот резервен фонд се задолжителни најмалку дваесет години. Ако задругата издала потврда за удели, ваквите издвојувања ќе продолжат се додека резервниот фонд не достигне износ еднаков на една петина од капиталот на задругата.
(2)Со статутот можат да се предвидат и поголеми издвојува за во резервниот фонд на задругата.
(3)Кога резервниот фонд не надминува една половина од обртните средства на задругата може да се користи за покривање на загубите или за преземање мерки со кои се обезбедува реализацијата на целите на задругата во кризни времиња.

## Натамошни резервни фондови

### Член 32

Генералното собрание со посебна одлука може да создаде и други резервни фондови покрај оние утврдени со законот или статутот, ако тоа е заради обезбедување на развој на задругата.

## Статутарно обесштетување

### Член 33

(1)При повлекување на членството или нивните наследници, правата на побарувањата од имотот на задругата се остваруваат во согласност со статутот. Висината на овие побарувања се пресметуваат врз основа на имотот на задругата прикажан во билансот на состојбата на денот на повлекувањето, без резервите.
(2)Со статутот може да се пропише при повлекување на членот или неговите наследници право да бараат враќање на целиот или на дел од неговиот влог, освен уплатата за прием во членството да се врши најдоцна до три години од моментот на повлекувањето.
(3)По исклучок исплатата може да се изврши за период подолг од три години, ако таквата исплата може да предизвика сериозна штета или го загрозува идниот развој на задругата.
(4)Правото на отплата на членот кој се повлекува од задругата или на неговите наследници, застарува во рок од три години од денот кога таа исплата можела да биде побарана.

## Обврска

### Член 34

Членовите на задругата се должни совесно и чесно да ги штитат и да ги зачуваат интересите на задругата.

## Уплати и влогови

### Член 35

(1) Со статутот се определува висината на уплатите и влоговите што секој член е должен да ги изврши.
(2) Членот кој е должен да ја изврши уплатата на влогот што претходно го запишал во имотот на задругата и членот кој е должен да изврши некоја друга уплата мора да бидат повикани со препорачано писмо своите уплати да ги извршат во некој разумен рок што ќе биде утврден во известувањето.
(3)Ако уплатата не е "завршена по првото известување, ниту во рок од 30 дена од второто известување, членот може да биде исклучен од членството во задругата, под услов наведените известувања да ги примил со препорачано писмо.

# Дел петти

## Организација на задругата

## Генерално собрание

### Член 36

(1)Највисок орган во задругата е генералното собрание на членовите.
(2)Генералното собрание ги има следниве овластувања, што не можат да се пренесуваат:
1.Го донесува статутот на задругата и неговите изменувања и дополнувања;
2.Го избира и разрешува управниот одбор и ревизорите;
3.Ги усвојува годишните сметки и донесува одлуки за распределбата на добивката и
4.Одлучува за други прашања утврдени со закон или со Статутот на задругата.

## Писмено изјаснување

### Член 37

Ако задругата има повеќе од 100 члена со статутот може да се пропише овластувањата на генералното собрание, членовите на задругата да го вршат преку гласање со писмено изјаснување.

## Свикување на генералното собрание

### Член 38

(1)Генералното собрание го свикува управниот одбор на задругата, или друг орган на задругата овластен со статутот.
(2)Управниот одбор е должен да го свика генералното собрание кога тоа ќе го побараат најмалку една десеттина од членовите или во случај на задруги со помалку од 100 члена, ако тоа го побараат најмалку пет члена на задругата.
(3)Ако управниот одбор во разумен рок не го свика генералното собранието, тоа ќе биде свикано по налог на надлежниот суд, на барање на лицата кои согласно со одредбите од овој член имаат право да побараат негово свикување.

## Начин на свикување

### Член 39

(1)Генералното собрание се свикува на начин утврден со статутот на задругата, најдоцна пет дена пред денот утврден за одржување на собранието.
Ако задругата има повеќе од 30 члена, како полноважно свикување на генералното собрание, ќе се смета и објавувањето на соопштение во дневен весник на територијата на Република Македонија.

## Дневен ред

### Член 40

(1)Известувањето со кое се свикува генералното собрание мора да го содржи дневниот ред, а кога се вршат изменувања и дополнувања на статутот на задругата, кон известувањето мора да се приложат и предложените изменувања и дополнувања.
(2)Собранието не смее да одлучува за прашања што не биле наведени во дневниот ред утврден во доставеното или објавеното известување.
Изјаснување за прашања што не биле содржани во дневниот ред.

### Член 41

Ако на Собранието присуствуваат сите членови на задругата и ако ниту еден член не истакне приговор, собранието може да донесува одлуки и за прашања што не биле утврдени во доставениот или објавениот дневен ред, односно може да одлучува и покрај тоа што не биле почитувани одредбите за свикувањето на генералното собрание.

## Право на глас

### Член 42

Во Генералното собрание секој член на задругата има еден глас, доколку поинаку не е утврдено со статутот.

### Полномошници

#### Член 43

При вршењето на правото на глас на генералното собрание членот на задругата може да биде застапуван од некој друг член. Членот на задругата може да застапува најмногу до пет други членови на задругата.

### Не вршење на правото на глас

#### Член 44

Лицата- членови на задругата што се поврзани со управувањето со задругата или со нејзиното редовно работење, не можат да гласаат за одлуките поврзани со разрешувањето или одговорноста на управниот одбор на задругата.

### Донесување одлуки

#### Член 45

(1)Освен кога со закон или со статутот на задругата не е пропишано нешто друго, одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство гласови на членовите на задругата. Мнозинството пропишано со овој став се однесува и на случаите на гласање по пат на писмено изјаснување на членовите на задругата.

(2)Одлуките што се однесуваат на престанокот, спојувањето. припојувањето, поделбата или престанокот на задругата, како и одлуките поврзани со менувањето или дополнувањето на статутот, ќе се сметаат за донесени ако за нив гласале најмалку две третини од сите членови на задругата, доколку поинаку не е утврдено со статутот.

### Зголемување на одговорноста

#### Член 46

(1)Одлуките со кои се утврдува личната одговорност на членовите и одлуките со кои се утврдува или зголемува обврската да се дадат натамошни уплати ќе се сметаат за донесени ако за нив гласале третини од сите членови на задругата.

(2)Одлуките наведени во ставот 1 од овој член нема да ги обврзуваат оние членови што гласале против релевантната одлука, а кои во рок од три месеци од денот на нејзиното регистрирање во неговиот регистар ја известиле задругата дека се повлекуваат од членство. Повлекувањето од членството во ваков случај произведува дејство од денот на кој релевантната одлука влегла во сила.

(3)Во случај на повлекување од членството заради причината наведена во ставот 2 од овој член, задругата нема право да бара обесштетување од членот кој се повлекол.

## Разрешување на управниот одбор и на ревизорите

### Член 47

(1)Собрание може да ги разреши членовите на управниот одбор, ревизорите и членовите на други органи што ги избрало.
(2)Ваквото разрешување може да го наложи и судот, по барање на најмалку една десеттина членови на задругата, кога постојат оправдани причини за тоа, а посебно кога лицата не ги извршувале или не се во можност да ги извршуваат своите обврски. При донесувањето на ваквата одлука, во случај на потреба, судот може да наложи свикување на собранието на кое ќе се извршат потребните именувања или разрешувања.
(3)Лицата кои биле разрешени од своите должности имаат право на обесштетување, ако биле разрешени без оправдана причина.

## Побивање на одлуките на собранието

### Член 48

(1)Членовите на управниот одбор и сите членови на задругата, со тужба изјавена против задругата, можат да ги оспоруваат одлуките на собранието што се спротивни на законите или на статутот на задругата.
Ако тужбата е поднесена од страна на управниот одбор на задругата, судот назначува застапник на задругата за случајот.
(2)Тужбата наведена во ставот 1 од овој член може да се изјави во рок од 60 дена од денот на кој била донесена одлуката што се побива.
(3)Судот може да донесе пресуда со која ќе ја поништи одлуката на генералното собрание и таквата пресуда има дејство во полза или против сите членови на задругата.

## Управен одбор

### Член 49

(1)Управниот одбор на задругата мора да има најмалку три члена.
Мнозинството членови на управниот одбор мора да бидат членови на задругата.
(2)Кога членот на задругата е правно лице, во тој случај за член во управниот одбор може да биде избран неговиот застапник.

## Државјанство и живеалиште

### Член 50

Мнозинството членови на управниот одбор мораат да бидат државјани на Република Македонија, со постојано живеалиште на територијата на Република Македонија. Најмалку еден член на управниот одбор мора да поседува овластување да ја застапува задругата.

## Мандат на членовите на управниот одбор

**Член51**

Членовите на управниот одбор се избираат за период не помал од четири години и имаат право на повторен избор, освен ако со статутот на задругата не е пропишано нешто друго.

## Застапување

**Член 52**

Генералното собрание или управниот одбор, ако е утврдено во статутот, можат раководењето со секојдневното работење на задругата или некој негов дел и застапувањето на задругата да ги доверат на едно или повеќе лица, менаџери што не се членови на задругата.

## Овластувања и ограничувања на овластувањата

**Член 53**

(1)Лицата овластени да ја застапуваат задругата имаат овластување од името и за сметка на задругата да ги преземат сите правни акти и дејствија што спаѓаат во рамките на редовното работење на задругата.

## Впишување во судскиот регистар

**Член 54**

Управниот одбор е должен да ги впише во судскиот регистар сите лица овластени за застапување на задругата. Барањето за регистрација на овластените застапници мора да биде придружено со нотарски заверен примерок на одлуката со која релевантните лица се овластени за застапување на задругата. Лицата овластени за застапување на задругата мораат да се потпишат во трговскиот регистар или да ги депонираат своите потписи во нотарски заверена форма.

## Должности на управниот одбор

**Член55**

(1)Членовите на управниот одбор се должни да управуваат со задругата и да се грижат за остварувањето на целите на задружното здружување со внимание на совесен трговец.
(2)Управниот одбор особено ги врши следниве работи:
1)ги подготвува сите прашања што треба да се изнесат за разгледување и за одлучување пред генералното собрание на задругата;
2)ги спроведува одлуките на генералното собрание;
3)врши контрола на лицата овластени за раководење со секојдневното работење на задругата и на лицата овластени за застапување на задругата, врши проверка дали нивното работење е во согласност со

статутот и другите прописи и редовно се информира за работењето на задругата;
4)се грижи за правилно водење на регистарот на членовите на задругата;
5)се грижи за законитото водење на трговските книги и изготвувањето на годишните сметки на задругата;
6)изготвените годишни сметки благовремено ги доставува на ревизија и
7)го известува трговскиот регистар за приемот на секој нов член и за повлекувањето или исклучувањето на секој од постојните членови на задругата.

## Задолжително известување

### Член 56

(1)Кога постојат разумни основи за сомневање дека задругата е инсолвентна или дека и претстои непосредна идна платежна неспособност, управниот одбор мора веднаш да изготви привремен биланс на состојбата врз основа на ликвидационата вредност на имотот на задругата.
(2)Кога се работи за задруги што имаат издадено удели, управниот одбор мора веднаш да го свика генералното собрание и да го информира за тековната позиција, ако последниот биланс на состојбата покажува дека половината од капиталот на задругата нема реално покритие во постојниот имот на задругата.
(3)На стечајната постапка на задругата соодветно се применува Законот за стечај.

## Разрешување

### Член 57

(1)Управниот одбор во секое време може да ги разреши менаџерите и другите застапници или полномошници назначени од страна на управниот одбор.
(2)Управниот одбор, исто така, може да ги суспендира застапниците и полномошниците назначени од страна на собранието, при што е должен веднаш да го свика собранието.
(3)Лицата кои се разрешени или суспендирани на ваков начин имаат право на надоместот на штета, ако биле разрешени или суспендирани без сериозна причина за тоа.

## Ревизори

### Член 58

(1)Секоја деловна година годишните сметки на задругата мораат да бидат доставени на ревизија кај овластен ревизор, односно друштво за ревизија.
(2)Генералното собрание на задругата избира еден или повеќе ревизори за период од најмалку една година.
(3)Во однос на ревизијата соодветно се применуваат одредбите од Законот за ревизија.

## Обврски за чување на тајноста

### Член 59

Податоците и информациите добиени при извршувањето на должноста, ревизорите не смеат да им ги соопштуваат на одделните членови на задругата или на трети лица.

## Посебни одредби

### Член 60

Покрај вообичаените ревизии на сметките, статутот може да предвиди периодични ревизии на целиот систем на управување со задругата од страна на специјални ревизори или вешти лица.

## Дел шести

## Престанок на задругата

## Причини за престанок

### Член 61

Задругата може да престане:
1)согласно со статутот;
2)со одлука на собранието;
3) ако бројот на членовите дополнително се намали под минимумот од три и
4) во сите други случаи предвидени со закон.

## Известување на судскиот регистар

### Член 62

Управниот одбор е должен да достави известување и да побара бришење на задругата во судскиот регистар.

## Распределба на ликвидационата маса

### Член 63

(1)Ликвидацијата на задругата се врши согласно со одредбите од Законот за трговските друштва што се применуваат на ликвидацијата на ДОО и акционерските друштва.
(2)Имотот што ќе преостане по исплатата на обврските на задругата може да се распредели меѓу членовите само ако ваквата распределба е предвидена со статутот на задругата.
(3)Кога статутот не предвидува нешто друго, распределбата се врши на подеднакви делови меѓу оние лица кои се членови на задругата во моментот на нејзиниот престанок или нивните наследници. Одредбата од

овој став не влијае врз правото на обесштетување на членот што се повлекува или на неговите наследници.
(4)Кога статутот не предвидува нешто друго, одлуката за овие прашања ја донесува собранието на задругата.

## Дел седми

## Одговорност

### Одговорност кон задругата

#### Член 64

Лицата одговорни за управувањето или застапувањето на задругата, нејзините ревизори и ликвидатори и одговараат на задругата за штетите што ги предизвикале поради повреда на своите должности и обврски, без оглед на тоа дали се работело за умисла или небрежност.

### Одговорност кон задругата, членовите и доверителите

#### Член 65

Членовите на управниот одбор и ликвидаторите и одговараат на задругата, на нејзините одделни членови и на нејзините доверители за целата штета предизвикана со неисполнување на нивните обврски утврдени со овој закон, во врска со инсолвентноста или непосредно претстојната платежна неспособност на задругата, без оглед на тоа дали се работело за умисла или за небрежност.

### Право на регрес

#### Член 66

(1)Ако за штетата постои вина на поголем број лица тие одговараат неограничено и солидарно за надоместок на таа штета.
(2)Судот, во зависност од степенот на вината на секое лице одделно, може да ги определи нивните меѓусебни регресни права.

## Дел осми

## Задружни сојузи

### Услови

#### Член 67

Три или повеќе задруги можат да основаат задружен сојуз и него да го организираат во форма на задруга.

## Организација

### Член 68

(1)Ако статутот не предвидува нешто друго, највисок орган на задружниот сојуз е делегатското собрание.
(2)Бројот на делегатите во делегатското собрание се утврдува со статутот на задружниот сојуз.
(3)Секој делегат има право на еден глас, освен ако статутот не утврдува нешто друго.

## Управен одбор

### Член 69

(1)Ако статутот не предвидува нешто друго, управниот одбор на задружниот сојуз е составен од членови на здружените задруги.
(2)Управниот одбор на задружниот сојуз може да има најмалку три а најмногу девет члена.

## Надзор

### Член 70

(1)Со статутот може да се овласти управниот одбор на задружниот сојуз да врши надзор и контрола врз работењето на здружените задруги.
(2)Со статутот, исто така, може да се овласти управниот одбор на задружниот сојуз да ги побива одлуките на одделните здружени задруги и да поведува правни постапки за нивно поништување.

## Забрана за зголемување на одговорноста

### Член71

На членовите на задругите што се здружиле во задружен сојуз не може да им се пропишува никаква дополнителна одговорност покрај онаа што им е утврдена со закон или со статутот на нивната задруга.

## Дел деветти

## Преодни и завршни одредби

### Член 72

Постојните задруги, задружни организации и задружните сојузи, должни се да се организираат и да ги усогласат своите акти со одредбите на овој закон во рок од една година, од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 73

(1)Средствата во задругата евидентирани како задружна сопственост, задружни организации и задружните сојузи должни се тие средства да ги евидентираат како средства на основачите- задругари.

(2)Поединечното право на секој задругар на сопственост врз задружната сопственост ќе се утврдува сразмерно на здружените средства.
(3)Доколку сопственоста врз задружниот имот не може да се утврди од страна на задругата, на барање на било кој задругар правото на сопственост го утврдува надлежниот суд.

**Член 74**

(1)Задругите во кои има општествени средства ќе се трансформираат согласно со одредбите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.
(2)Оствареното право на сопственост по основа на трансформиран општествен капитал ќе се смета како влог во задругата.

**Член 75**

(1)Постојните задруги кои нема да постапат според одредбите од членот 72 на овој закон, престануваат по истекот на определениот рок по сила на овој закон. Ликвидацијата ја спроведува основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на задругата.
(2)Во случаите од ставот 1 на овој член општествените средства во задругата се пренесуваат на Агенцијата на Република Македонија за приватизација.

## Престанување на важноста

**" Член76**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за задругите ("Службен лист на СФРЈ" број 3/90).
Одредбите од Законот за задругите ќе продолжат да се применуваат на постојните задруги до нивното усогласување согласно со член 72 од овој закон.

## Завршна одредба

**Член 77**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".